| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2930. | **Правилник** за начинот на пресметување на наградата за извршеното вештачење или супер вештачење и надоместокот за реално потребните трошоци ........ | 11 |
| 2931. | **Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели ........ | 56 |
| 2932. | **Одлука** за издавање кована пара за колекционерски цели ........ | 56 |
| 2933. | **Одлука** за изменување на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија ........ | 57 |
| 2934. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ........ | 59 |
| 2935. | **Правилник** за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за работа со хартии од вредност ........ | 59 |
| 2936. | **Правилник** за условите и начинот за давање одобрение за издавање, односно за регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија ........ | 64 |
| 2937. | **Правилник** за условите и начинот за добивање одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство ........ | 65 |
| 2938. | **Одлука** за влегување во сила на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ........ | 66 |
| | **Огласен дел** ........ | 1-76 |

## ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2916.**

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за мирно решавање на работните спорови ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14) е направена грешка поради што се дава

### ИСПРАВКА
### НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИРНО РЕШАВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ СПОРОВИ

Во членот 30 со кој се менува членот 37 во ставот 3 наместо бројот

„31-а" треба да стои бројот „44".

Бр. 10-2706/2
9 јули 2014 година
Скопје

Од Законодавно-правната
Комисија на Собранието
на Република Македонија

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2917.**

Врз основа на член 9-а став (6) од Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/10, 84/12 и 43/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.6.2014 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се отстапуваат без надомест нафтени деривати на Дирекцијата за заштита и спасување 80 илјади литри еуросупер БС 95.

Нафтените деривати од став 1 на овој член се отстапуваат за ставање во функција на авионите AT - 802 Fire Boss.

Член 2

Трошоците за испорака, односно транспортни и манипулативни трошоци за преземање на отстапените нафтени деривати паѓаат на товар на Дирекцијата за заштита и спасување.

Член 3

Се задолжува Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати да ја спроведе оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 42-3860/1
25 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**2918.**

Врз основа на член 17-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12 и 137/13, 188/13 и 27/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 27.6.2014 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Член 1

Со оваа одлука на општина Пробиштип се пренесуваат во сопственост без надомест недвижни ствари објект-зграда сопственост на Република Македонија евидентирани во Имотен лист бр. 4844 за Катастерска општина Пробиштип, и тоа:

- КП бр.1017 улица "Миро Барага" бб, зграда 1 , намена на зградата-Б4, влез 1, приземје, намена на посебен дел од зграда - Деловен простор, со внатрешна површина од 86 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-3886/2
27 јуни 2014 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.